**20180210298**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОЛИЦИЈА**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за полиција,
што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 30 јануари 2018 година.

Бр. 08-765/1
30 јануари 2018 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Талат Џафери,** с.р.

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОЛИЦИЈА**

Член 1

Во Законот за полиција („Службен весник на Република Македонија“ број 114/2006, 6/2009, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16 и 120/16), во членот 81 став (2) точката на крајот на реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „како и за употреба на сила или средства за присилба што за последица има смрт или тешка телесна повреда.“.

Ставот (3) се брише.

Член 2

По членот 81 се додава нов член 81-а, кој гласи:

„Член 81-а

По прием на кривична пријава или добиено сознание дека полициски службеник извршил кривично дело при вршење на службено дејствие или извршил кривично дело вон службата со употреба на сериозна закана, сила или средства за присилба што за последица има смрт, тешка телесна повреда, телесна повреда, противправно лишување од слобода, мачење и друго сурово, нечовечно или понижувачко постапување и казнување, доколку со закон е предвидено кривично гонење по службена должност за кое Министерството е должно без одлагање да го извести Одделението за истражување и гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, организациската единица во Министерството надлежна за

внатрешна контрола и професионални стандарди презема дејствија заради иницирање на дисциплинска постапка за тој работник, по одобрение на јавниот обвинител од Одделението за истражување и гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, за што изготвува извештај со мислење што го доставува до министерот.“.

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.